Наслов **Барање за пристап до информации од јавен карактер**
Од [redacted]
Примач info@osprilep.mk <info@osprilep.mk>
Датум 02.11.2023 14:30

- IMG_0004.pdf (~905 КБ)

Почитувани,

Моето име е [redacted] и сум докторанд на Правниот факултет Јустинијан Први во Скопје. Одобрен ми е докторат со тема Превенција "Превенција и заштита од семејно насилство во македонското и споредбеното право ". За научното истражување имам потреба од официјални податоци  за семејно насилство од Вашата институција подетално наведено во барањето во прилог.

Со почит,
[redacted]

( Образец ПП……)

До Основен суд Прилеп
(имател на информацијата)

**Б А Р А Њ Е**
**за пристап до информации од јавен карактер**

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Македонија" бр. 13/06; бр.86/08, бр.6/10 и бр.42/14), од имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

Докторанд сум на Правниот факултет Јустинијан 1 во Скопје. Одобрен ми е докторат со тема Превенција "Превенција и заштита од семејно насилство во македонското и споредбеното право ". За научното истражување имам потреба од официјални податоци за семејно насилство на територијата на РСМ /Вашата институција/ суд во периодот од 1.01.2012 до. 31.12.2022 г. и тоа како следува:

1. Колку има вкупно пријавени случаи на семејно насилство ?
2. Колку случаи од пријавените се процесуирани?
3. Во колку се донесени осудителни, а во колку ослободителни одлуки?
4. Во колку случаи се поднесени кривични и прекршочни пријави?
5. Во колку случаи се поднесени барања за привремени мерки, во колку се поведени итни и заштитни мерки?
6. Кој се јавува како подносител на барањата за привремени мерки?
7. Какви одлуки се донесени по однос на тие барања од надлежните судови?
8. Колку затворски и парични казни се изречени, колку условни мерки се изречени против сторителите?
9. Каква е структурата според пол, возраст, брачен статус, образование, работен однос, националност и осудуваност на обвинетите за семејно насилство?
10. Каква е структурата според пол, возраст, однос со сторителот (брачен статус, родителство, бивши партнери, актуелни партнери) образование, работен однос, националност и осудуваност на пријавителите, тужителите, тужените и оштетените/жртвите на семејно насилство?
11. Во колку случаи е утврдено родово базирано насилство,а во колку е утврдено семејно насилство?
12. Во колку случаи е утврдено физичко, психичко, сексуално и економско насилство?
13. Дали после донесувањето на пресудите Митови против РСМ од 16 април 2015. случај (бр.53565/13) и Олури против РСМ од 16 јануари 2020 година (бр.3368/18) се преземени мерки за хармонизирање на домашното законодавство со меѓународното заради спречување на можноста за поднесување апликации пред ЕСЧП со повикување на повреда на чл. 3,8 и 13 од Конвенцијата?

Изразувам голема благодарност за соработката, зашто добиените податоци се неопходни за научното истражување на докторскиот труд .

(опис на информацијата која се бара)

Форма во која се бара информацијата:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- (г) електронски запис
- д) друго ______________________________

(се наведува бараната форма, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- (г) е-маил
- д) друго ______________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

______________________________________________

(назив, име и презиме, адреса, тел, факс, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата:

______________________________________________

(назив, име и презиме, адреса, тел, факс, е-маил)

(Правна поука: Барателот не е должен да ги наведе и образложи причините за барањето, но треба да наведе дека станува збор за барање за слободен пристап до информација од јавен карактер)

Во Битола ______________________ Датум 02.11.2023год.

Форма во која се бара информацијата:
- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- г) електронски запис
- д) друго ____________________________________________

(се наведува бараната форма, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:
- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- г) е-маил
- д) друго ____________________________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

____________________________________________

(назив, име и презиме, адреса, тел, факс, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата:

____________________________________________

(назив, име и презиме, адреса, тел, факс, е-маил)

(Правна поука: Барателот не е должен да ги наведе и образложи причините за барањето, но треба да наведе дека станува збор за барање за слободен пристап до информација од јавен карактер)

Во Битола____________________ Датум 02.11.2023год.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОСНОВЕН СУД ПРИЛЕП
СПИ.бр.12/2023
01.12.2023

ДО

Предмет:Одговор на Ваше барање за пристап на информации од јавен карактер од 02.11.2023год.

Во врска со Вашето барање за доставување на информации од јавен карактер, Ви доставуваме податоци за семејно насилство на територијата на РСМ за периодот од 01.01.2012год. до 30.12.2022год.

Во прилог Ви доставуваме податоци од Кривичното одделение за кривични постапки за родово-базирано насилство и семејно насилство и податоци од Вонпарничното одделение за родово-базирано насилство и семејно насилство.

Со почит,

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СУДОТ,
Јасмина Шишковска Стојковиќ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОСНОВЕН СУД ПРИЛЕП
СПИ бр.12/2023
Дата: 15.11.2023 година
ПРИЛЕП

ДО

ПРЕДМЕТ: Одговор на барање

Во врска со Вашето барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, Ви ги доставуваме следните податоци со кои располага Вонпроцесниот отсек при Основен суд Прилеп.

1. Под точката 1 (еден) од Вашето барање Ве известуваме дека во периодот од 01.01.2012 до 31.12.2022 година во евиденцијата на Основен суд Прилеп отсек Вонпроцесно и Оставина се евидентирани 272 (двеста седумдесет и два) предмети за изрекување, изменување или укинување на привремени мерки за заштита од семејно насилство.

2. Под точката 2 (два) од Вашето барање Ве известуваме дека сите барања се процесуирани или вкупно 272 (двеста седумдесет и два)

3.Под точката 5 (пет) од Вашето барање Ве известуваме дека поведени или евидентирани се 272 (двеста седумдесет и две) барања за привремени мерки а во 231 (двеста триесет и еден) предмет се изречени итни и заштитни мерки.

4. Под точката 6 (шест) од Вашето барање Ве известуваме дека во сите поднесени предлози како предлагач се јавува ЈУМ Центар за социјални работи Прилеп.

5. Под точката 7 (седум) од Вашето барање Ве известуваме дека во 231 (двеста триесет и еден) предмет се донесени одлуки во кои се изречени привремени мерки за заштита на семејно насилство, во 19 (деветнаесет) предмети се донесени одлуки предлогот да се смета за повлечен, во 5 (пет) предмети предлогот е отфрлен, во 2 (два) предмети Основен суд Прилеп се огласил за месно не надлежен и во 15 (петнаесет) предмети донесени се одлуки под други основи.

6. Под точката 10 (десет) од вашето барање Ве известуваме дека:

1. Сторители на семејно насилство од женски пол се јавуваат 20 (дваесет) лица, од машки пол се јавуваат 222 (двеста дваесет и две) лица,

2. Во 90 (деведесет) случаеви сторителот и жртвата се брачни другари, во 14 (четиринаесет) случаеви сторителот и жртвата се вонбрачни другари, во 71

(седумдесет и еден) случаеви сторителот и жртвата се родители и деца и во 32 (триесет и два) случаеви сторителот и жртвата се поранешни партнери и под други 10 (десет).

7. Под точката 11 (единаесет) од Вашето барање Ве известуваме дека во 107 (сто и седум) предмети се утврдува родово базирано насилство а во 138 (сто триесет и осум) предмети е утврдено семејно насилство.

8. Под точката 12 (дванаесет) од Вашето барање Ве известуваме дека во 213 (двеста и тринаесет) случаеви е утврдено физичко насилство, во 229 (двеста дваесет и девет) е утврдено психичко насилство, во 1 (еден) случај сексуално насилство и во 7 (седум) економско насилство.

Во врска со оваа точка од Вашето барање Ви напоменуваме дека во еден предмет се јавуваат и повеќе видови на насилство како психичко, физичко, економско и сексуално затоа бројот на видот на насилство не е ист и со бројот на донесени одлуки каде се изрекуваат привремени мерки за заштита од семејно насилство односно 231 (двеста триесет и еден).

Основен суд Прилеп на ден 15.11.2023 година

По овластување на
ВД Претседателот на основен суд Прилеп
Самостоен судски референт
Татјана Стоименова

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОСНОВЕН СУД ПРИЛЕП